Република Македонија
Министерство за финансии

Народна банка на
Република Македонија

Стопанска комора
на Македонија

## ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА СТРАТЕГИСКАТА РАМКА

Овој документ ги утврдува договорените стратегиски насоки, активности и принципи за работа помеѓу сите субјекти вклучени во платниот систем на Република Македонија за остварување на заедничката визија за неговиот развој во периодот 2013-2017 година.

Развојот на националниот платен систем во наредниот петгодишен период е насочен кон задоволување на потребите на корисниците на платежните услуги што произлегуваат од промените во деловните процеси, кон примена на последните технолошки достигнувања и кон натамошно усогласување на работењето со меѓународните и европските стандарди и правила. Со спроведувањето на планираните активности треба да се зголемат сигурноста и ефикасноста во извршувањето на плаќањата, да се обезбеди поголемо прифаќање на безготовинските платни инструменти, како и да се создадат услови за лесно и ефикасно приклучување на националниот платен систем кон платните системи во Единствената европска платежна област при зачленувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Оваа Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија во периодот 2013-2017 година,[1] од главните носители на развојот на националниот платен систем - Министерството за финансии на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија и Здружението на банкарството се прифаќа како национален стратегиски документ. Координацијата на активностите преку Националниот совет за платни системи, како и почитувањето на договорените принципи за *консултирање, последователно планирање и обезбедување континуитет* на договорените проекти од страна на сите засегнати субјекти се основата за успешно остварување на заедничката визија за развојот на платниот систем во наредниот петгодишен период.

м-р Зоран Ставрески
вицепремиер
и министер за финансии

м-р Димитар Богов
гувернер
на НБРМ

г. Ѓорѓи Јанчевски
претседател на
Здружението на банкарството

[1] Стратегијата ја подготви Националниот совет за платни системи врз основа на претходно извршени консултации и информации добиени од сите страни вклучени во платниот систем на Република Македонија и од Организацијата на потрошувачите на Македонија.